Врз основа на Правилник за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 (деветто) одделение при ООУ „Коле Неделковски“ Центар, Скопје бр.01-221/1 од 6.04.2026 година усвоен со Одлука на Училишен Одбор на ООУ „Коле Неделковски“ Скопје бр. од 02-15/14 од 12.05.2026 година, претседателот на училишната комисија за избор на првенец на генерација објавува

**КОНКУРС**

**За избор на првенец на генерација 2017/2026**

Конкурсот ќе трае во период од 14.05.2026 година до 21.05.2026 година. На конкурсот имаат право да се пријават сите ученици кои во учебната 2025/2026 година се 9 (деветто) одделение при ООУ „Коле Неделковски“ Центар, Скопје и коишто ги исполнуваат следниве услови:

- Кандидатот да постигнал среден успех 5.00 на крај од наставната година од IV до VIII одделение;
- Кандидатот да бил оценет со примерно поведение на крајот на наставната година од IV до VIII одделение;
- Да учествувал на училишни, регионални, државни, мегународни натпревари или проекти;
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било каков вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголемо од 3 (за секоја година поодделни);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето.

**Потребни документи:**

- Лична биографија;
- Фотокопија од свидетелство од четврто до осмо (евидентен лист) одделение;
- Фотокопија од пофалници за успех и поведение, дипломи за освоени награди и потврда за учество во воннаставни активности
- Потврда потпишана од одделенскиот раководител за успехот и поведението на учениците;

Потребните документи учениците треба да ги достават до одделенските раководители во затворен плик и одделенските раководители го доставуваат пликот до архивата на училиштето. Архивата ќе ги достави до претседателот на комисијата најдоцна до 21.05.2026 година до 12 часот. Комисијата ќе ги рангира сите пријавени кандидати според веќе утврдените инструменти за рангирање и ќе ги објави резултатите од конкурсот.

***Нецелосните и ненавреме доставените документи нема да бидат разгледувани од Комисијата.***

Претседател на комисија

Директор

Александар Христовски